

Илија Кузманоски (1921—1983)

На 4. II. 1983 год. згасна животот на професорот Илија Кузманоски. Згасна еден активен живот исполнет со творечка работа, постигања и борба за подобро утре. Мачна е силата на зборовите со кои може да се искаже неговиот лик и како човек, и како работник па и како родител и сопруг.

Роден е на 2.VIII 1921 год. во сиромашно семејство. Рано останат без еден родител, без таткова заштита, судбината постојано се поигрувала со него, доделувајќи му тежок живот уште од детството. Препуштен на себеси бил принуден да ја прифати борбата до последната издишка. Борејќи се за голиот живот без никаква помош, истовремено се бореше во заедничката борба за изградба на новото општество, па и за личната изградба. Тој израсна во личност која носеше големи чувства на човек пријател, работник и другар. Скромен, чесен, несебичен, неизмерно работлив, дисциплиниран пред сè го красеше високиот морал. Беше безрезервно определен на времето во кое живееше и твореше. Беше мирен но не помирлив со стварноста и со условите во кои живееше и твореше. Свесен за задачите и претстојната работа и борба што ја наметнуваа приликите за ослободување од тешките окови што со векови му ги ставил туѓинецот на нашиот народ, рано со детска чистота се определува за борба за каква го учеше СКОЈ и Партијата, на која до последниот миг од својот живот ѝ остана верен и предан. Кузманоски беше меѓу првите ученици кој стапи во редовите на скоевската организација во

Прилепската гимназија и стоеше на првата позиција во борбата против класниот непријател уште од времето на бивша Југославија за потоа како член на Комунистичката партија на Југославија да продолжи со уште поголема жестина во борбата што ја наметна новиот поробувач, окупаторот на Борисова Бугарија.

Кузманоски растеше и се развиваше во најбедни услови, но никогаш не покорен од животот и тешкотиите, кои постојано го пресретнуваа. Без страв, без офкања и поплаки тој продолжуваше по патот кој го одбра и кој му го зацртуваа СКОЈ и Партијата. Сето тоа можеше да го издржи само човек со неговиот карактер кого го красеа цврстина, упорност, работливост и пред сè чесност кои му овозможуваа да ги совладува сите пречки и тешкотии. Неправедливи би биле спрема професорот Кузманоски ако не го нагласиме признанието дека тој сè што стори и постигна во животот, е само негово, затоа што е тоа плод само на неговото залагање, способноста и работливоста, плод на неговата личност без скоро никаква помош од каде и да било.

Така минуваше неговиот развој и наобразба уште од основното училиште, па сè до завршувањето на факултетот. Како пркос на условите под кои живееше, Вишата педагошка школа и Факултетот ги заврши без напор во рекордно време, кога истовремено беше и професор, и родител, и општествен работник.

Резултатите од неговата плодна творечка работа остануваат трајна вредност за нашето општество и неговиот развој. Тоа припаѓа на плејадата генерации на кривопаланечката гимназија каде долго време работеше како директор, а после во прилепската гимназија во која до крајот на својот живот беше професор, при што не се грижеше само за образованието на младата генерација, туку и за нивното идејно и морално воспитување. Исто така остануваат од трајна вредност многубројните испишани страници во учебниците по историја и научните реферати кои ги изнесуваше на научните симпозиуми овој наш познат историчар. Неговите трудови се од посебна и трајна вредност не само за младите генерации туку и за целиот наш народ.

Професорот Кузманоски како таков не остана незабележан, општеството не му остана должно. Тој беше добро ценет почитуван како од средината во која се движеше, така и од своите сограѓани па и пошироко. За сета негова активност, за сè она што го стори и го остави како трајно наследство на својот народ професорот Кузманоски доби повеќе признанија. Тој е носител на Орден заслуги за народ од трет ред, Орден заслуги за народ со сребрена ѕвезда, Благодарница на Просветно дело", Признание од Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ, Диплома од Сојузот на извидниците на СРМ, Признание од Друштвото на историчарите на Општина Прилеп и др.

Ликот на професорот Кузманоски и неговиот плоден живот ќе останат траен завет на младите поколенија и патоказ за творечка работа и придонес во борбата за подобра иднина на својот народ.

Ѓоре ПЕЧИЈАРЕСКИ